# Изложба на модели

На традиционалната изложба во Уметничката галерија „Безистен“ учествуваа студентите од три факултети: од Ликовната академија, од студиската програма по Архитектура и Дизајн и од Технолошко -техничкиот факултет. На изложбата беа презентирани различни видови на дела, со различни техники и различни видови на уметности. Дел од моделите презентирани на годишната изложба беа изработени од страна на студентите на Технолошко -техничкиот факултет, под менторство на доцент д-р Силвана Жежова. Беа изработени делови од предмети за облекување (јаки, манжетни, ракави, џебови и сл.) и целосни модели на женски костими, како и соодветна технолошка документација за процесот на нивна изработка. Моделите беа изработени во размер 1:4. Во прилог се фотографии од изработените модели:





.